Се известуваат сите заинтересирани учесници дека годинешниов 15. по ред Републички натпревар „Млади библиотекари“ ќе се одржи на 31. 10. 2014 година. Поместувањето на натпреварот за една недела е на барање на домаќинот. Натпреварот ќе се одржи во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ од Велес. Пријавувањето на кандидатите за натпреварот е најдоцна до 15. 10. 2014 година. Во пријавата треба да стои име и презиме на натпреварувачот, име и презиме на менторот и од кое училиште доаѓаат. Пријавите можат да се достават по пошта или на e-mail bzm@nuub.mk.